# З А П И С Н И К
од Седумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 3 јуни 2025 година

Скопје, јуни 2025 година

# З А П И С Н И К
**од Седумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 јуни 2025 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, како и Методија Ристоски, нотар.

Од седницата отсуствуваа Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Арбен Таравари, министер за здравство и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 мај 2025 година

- Усвојување на Записникот од Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 мај 2025 година

1. Информација за продажба на конфискуван имот, со предлог-одлуки (КП 2019, КО Чаир и КП 15976, КО Охрид)

2. Информација во врска со Барањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со арх.бр.03-482/1 од 31.1.2025 година, за поднесување барање за давање на автентично толкување на закон

3. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (спортска сала на КП бр.8732/1 за КО Центар 1)

4. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад. (Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, Скопје)

5. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Старо Нагоричане (патничко моторно возило лада нива)

6. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Кратово (патничко моторно возило лада нива)

7. Годишен извештај за работата на Советот за образование на возрасните за 2024 година и Годишен план за работа на Советот за образование на возрасните за 2025 година

8. Информација со предлог за донесување на одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2025 година, со Предлог – одлука

9. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за државни патишта

10. Информација за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со предлог – одлуки

11. Информација за обезбедување на техничка помош (грант) од EBRD и CDP за подготовка на документација за реализација на проектот Ветерна електроцентрала Миравци

12. Информација за продолжување на активностите со AFD за подготовка на документација со цел обезбедување на средства за имплементација на проектот Хибридна фотонапонска електроцентрала Богданци, за чија реализација ќе биде потребна државна гаранција

13. Информација за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Скопје – корисник на технолошка индустриска развојна зона Скопје 2 и за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Илинден, со предлог-одлуки

14. Извештај за работата на Државниот архив на Република Северна Македонија за 2024 година, со дополнување

15. Предлог – одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Куманово (ДП Доне Божинов 1)

16. Предлог- одлука за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај

17. Информација за добивање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Хем-алијанс ДООЕЛ Неготино, со седиште во населено место без уличен систем Пепелиште, Неготино, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Стенлеј ДОО Пехчево, со Предлог-одлука

19. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трајче Стојановски, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог - одлука

20. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Илиевски Винарија ДООЕЛ Свети Николе, ул.„Скопска“ бр.132, Свети Николе, со Предлог – одлука

21. Информација во врска со Барањето на концесионерот „Хидро Дошница“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Баров Дол, МХЕЦ Папрад, со текст на Анекс бр. 1 на Договорот

22. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, со текст на Анекс бр.8 на Договор

23. Информација во врска со Барањето на концесионерот Биор енерги ДОО Тетово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2, со текст на Анекс бр.6 на Договор

24. Информација во врска со Барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка, со текст на Анекс бр.10 на Договор

25. Информација во врска со Барањето на концесионерот ДИС енергија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361

26. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје за продолжување рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектична централа МХЕЦ Стровија со реф. бр. 250, со текст на Анекс бр. 8 на Договорот

27. Информација во врска со постапките по барањата за пренос на концесија за експлоатација на минерални суровини

28. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер Фимар Балкан АД Скопје на локалитетот „Галабовец – Нови Присад“, Општина Прилеп

29. Предлог – одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Трговското друштво за производство и истражување Ларин мрамор компани АД експорт-импорт Скопје на локалитетот „Галабовец – Нови Присад“, Општина Прилеп

30. Предлог – одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – риолит на Друштвото за трговија, производство и услуги Минерал – груп ДОО Струмица на локалитетот „Крив Пат“ с.Куклиш, Општина Струмица

31. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Трговското друштво за транспорт и трговија Мамуди Везир Мамуди-транс увоз-извоз с.Радолишта Струга ДООЕЛ на локалитетот „Краста“, с.Радолишта, Општина Струга

32. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина–варовник на Градежното, производно, трговско и услужно друштво Амди Амзаи АСНЕРА увоз-извоз с.Франгово, Струга ДООЕЛ, на локалитетот „Локов“, с.Франгово, Општина Струга

33. Предлог – Одлука за еднострак раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – андезит на локалитетот „Косовица“, с.Узем, Општина Крива Паланка

34. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за определување на висината на трошоците за посетување на обуките и полагањето на испитот за фитофармација за професионални корисници, советници и дистрибутери

35. Информација за текот на пополнувањето на онлајн формуларот - прашалникот, со податоци за недвижниот државен имот (објекти и земјиште) од страна на сите државни органи и правни лица основани од државата и други институции

36. Информација за правосилност на три одлуки на Европскиот суд за човекови права во предметите Стојановска и 7 други апликации (А.бр.2472/23), Станковска и 16 други апликации (А.бр.11951/23) и Налбанти-Димоска и 1 друга апликација (А.бр.54213/20), со Предлог-одлука

37. Информација за 18 тековни предмети пред Европскиот суд за човекови права, за можните финансиски импликации по Буџетот на Република Северна Македонија од истите и за можноста за нивно спогодбено решавање, со прилози

38. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Ружица Николовска против Северна Македонија А.бр.4137/21

39. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Естонија за соработка во борбата против криминалот, со Нацрт-текст на Договор

40. Барање на Санел Кустурица, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

41. Предлог-одлука за давање на трајно користење недвижни ствари на Казнено-поправната установа Затвор - Куманово со отворено одделение во Крива Паланка

42. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „ANATOLIA 25“, во Република Турција

43. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Platinum wolf 25“, во Република Србија (17 припадници)

44. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „PLATINUM WOLF 25“, во Република Србија (10 припадници)

45. Предлог-решение за именување членови и нивни заменици за Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба

46. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност

47. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*)

48. Предлог на закон за архивски материјал и архивска дејност

49. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изградба, доградба, надградба и реконструкција на ООУ „Гоце Делчев“ - с.Еднокуќево, Општина Босилово

50. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Историја на Македонија“ на ЈНУ Институт за национална историја - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог – решение

51. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Медиуми и комуникација“ на Факултетот за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог - решение

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Аеродром (за потребите на Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Аеродром)

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Штип (за потребите на Општинското основно училиште „Ванчо Прке“, Штип)

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Свети Николе (за потребите на Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј“, Свети Николе)

55. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“, Скопје

56. Предлог – одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерство за образование и наука)

57. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.7022, КО Штип-5)

58. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (објект кој се наоѓа на КП бр.1140, КО Гази Баба, Општина Гази Баба)

59. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Дебар за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на ендокринологијата

60. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле – Скопје (2 инхалатори)

61. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Велес (хируршки тилиум ласер за медицинска употреба и артроскопски столб со 4К резолуција)

62. Информација за иницијативата на Министерството за здравство за аплицирање за грант од Фондот за пандемии, со прилог Апликација за грант

63. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, поднесен од група пратеници

64. Барање за давање автентично толкување на член 57, став 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна

Македонија" бр.98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), поднесено од пратеникот Димитар Апасиев

65. Барање за давање на автентично толкување на член 81 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24 и 37/25), поднесено од пратеникот Даниел Стојчевски

66. Барање за давање на автентично толкување на членот 34 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), поднесено од пратениците Халил Снопче, Калтрина Беќири, Аднан Азизи, Салим Сулејмани, Ријад Шаќири и Саранда Имери

67. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот за додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

68. Барање за давање на автентично толкување на член 2 од Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21), поднесено од пратеникот Бране Петрушевски

69. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.586225, за КО Кисела Вода 1, на КП бр.5368/1, викано место/улица „Првомајска 13/8"

70. Понуда од нотар Сашо Василевски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1254 за КО Орман, на КП бр.392, викано место/улица „Трлиште"

71. Понуда од нотар Дејан Павлоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.907, за КО Визбегово, на КП бр.97, викано место/улица „Коњски Дол"

72. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.8179, за КО Ѓорче Петров 1–Ново Село, на КП бр.679, викано место/улица „Јазик"

73. Понуда од нотар Анита Адамческа од Скопје, за првенствено право на размена на недвижен имот-земјиште со Имотен лист бр.1367 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1667 и КП бр.1668, Имотен лист бр.1374 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3750, Имотен лист бр.1355 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1658, Имотен лист бр.1356 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1659, Имотен лист бр.1357 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1660, Имотен лист бр.1358 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1661, Имотен лист бр.1369 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1670/1, Имотен лист бр.1371 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3753, Имотен лист бр.1372 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3754, Имотен лист бр.1375 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3747, Имотен лист бр.27385 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3726, Имотен лист бр.1380 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3737, Имотен лист бр.1381 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3738, Имотен лист бр.1382 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3739, Имотен лист бр.1384 за

КО Сингелиќ 1, на КП бр.3741, Имотен лист бр.1387 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3742, Имотен лист бр.1385 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3744, Имотен лист бр.1377 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3745, Имотен лист бр.1348 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1650, Имотен лист бр.1347 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3762, Имотен лист бр.1351 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1653/1, Имотен лист бр.1349 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1651, Имотен лист бр.1376 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3746, Имотен лист бр.1379 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3735, Имотен лист бр.26106 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3727, Имотен лист бр.27978 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1655, Имотен лист бр.1365 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3759

74. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.152, за КО Ракотинци, на КП бр.220, викано место/улица „Село“

75. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.414, за КО Чаир, на КП бр.2527, Имотен лист бр.418, за КО Чаир, на КП бр.2523 и Имотен лист бр.957654, за КО Чаир, на КП бр.1056/3, викано место/улица „Дижонска“

76. Кадровски прашања

77. Прашања и предлози

78. Информација за доставување на проект за основање на нова единица „Факултет за медицински науки и здравство“ при МИТ Универзитет во Скопје, согласно Законот за високото образование*

79. Извештај за реализација на Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2024 година

80. Извештај за реализација на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи за 2024 година

81. Извештај за реализација на Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2024 година

82. Извештај за реализација на Буџетските средства за 2024 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за периодот 2023 – 2025 година

83. Информација за работењето на Акционерското друштво за 2024 година, со податоци за завршените активности во текот на годината, како и податоци за висината на личните приходи на органите на управување во Акционерското друштво, со прелиминарен Годишен извештај за работата на М-НАВ, Акционерско друштво Скопје, за 2024 година

84. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија-Скопје во период од 1.1.2024 година до 31.3.2024 година

85. Извештај за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје во период од 1.4.2024 година до 30.6.2024 година

86. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*)

87. Барање за одобрување на работењето на Управниот и Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, за склучување на договор за краткотрајна финансиска позајмица од Јавното претпријатие за Железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија за исплата на втор дел плата за април во Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, со предлог – одлуки

88. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија Ани-енергетик ДОО Тетово

89. Предлог – одлука за распределба на финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации

90. Информација за апликација на Министерството за образование и наука до Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ), со цел обезбедување на инвестициски грант и грант за техничка помош за Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија

91. Предлог-одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2025 година

92. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2025 година на Факултетот за исламски науки – Скопје

93. Предлог - одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2025 година на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

94. Предлог - одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – олово – цинкови руди на локалитетот „Северен дел на КО Костур низводно од хидројаловиште Тораница м.в. Варошани и Воденичиште" Општина Крива Паланка, на Друштвото за производство и трговија Булмак 2016 ДООЕЛ Пробиштип

95. Информација за формирање на Совет за следење на реформите во правосудството, со Предлог-одлука

96. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на граничните премини за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) и Прешево (Република Србија)

97. Информација за потребата од обезбедување финансиски средства за навремен почеток со имплементацијата на новиот компјутеризиран транзитен систем-фаза 6

*

*  *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 мај 2025 година и Записникот од Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 мај 2025 година.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на конфискуван имот, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за продажба на конфискуван имот (стан на ул. „М.Митевски“ бр.3/1-2, Скопје, Чаир) и

2. Одлуката за продажба на конфискуван имот (стан на ул. „Охридска“ бр.84 Охрид).

Истовремено, се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот да ја достави Предлог - одлуката за продажба на конфискуван имот (деловен простор во Г.Т.Ц. Скопје), откако ќе обезбеди Имотен лист без прибележана времена мерка, согласно Решение П1-596/19 од 18.7.2019 од Основен граѓански суд - Скопје.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со арх.бр.03-482/1 од 31.1.2025 година, за поднесување барање за давање на автентично толкување на закон и не го усвои Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за дигитална трансформација.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за дигитална трансформација, најдоцна во рок од 15 дена, до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се допрецизира спорниот член од Законот, наведен во Барањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (спортска сала на КП бр.8732/1 за КО Центар 1).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, Скопје).

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Старо Нагоричане (патничко моторно возило лада нива).

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Кратово (патничко моторно возило лада нива).

**Точка 7**

Владата по Годишниот извештај за работата на Советот за образование на возрасните за 2024 година и Годишниот план за работа на Советот за образование на возрасните за 2025 година ги донесе следните заклучоци:

1. Го разгледа и усвои Годишниот извештај за работата на Советот за образование на возрасните за 2024 година.

2. Го разгледа Годишниот план за работа на Советот за образование на возрасните за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за донесување на одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2025 година, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2025 година.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со предлог – одлуки и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Финансискиот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Извештај од независниот ревизор за 2023 година.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година.

3. Ја донесе Одлуката за распределба на добивка по Годишна сметка на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година.

4. Ја донесе Одлука за одобрување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година.

5. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (м-р Васко Ковачевски, претседател на Управен одбор).

6. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Васко Стефанов, претседател на Управен одбор).

7. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (д-р Имер Зенку, член на Управен одбор).

8. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Душица Сеизовска Јовановиќ, член на Управен одбор).

9. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Добрила Стефаноска, член на Управен одбор).

10. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Благојче Трповски, член на Управен одбор).

11. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (д-р Ардијан Муча, член на Управен одбор).

12. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Благој Гајдарџиски, член на Управен одбор).

13. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Марија Пејкова, член на Управен одбор).

14. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Виктор Андонов, член на Управен одбор).

15. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Слаѓана Богдановиќ, претседател на Надзорен одбор).

16. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (д-р Сашо Додовски, член на Надзорен одбор).

17. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Фросина Крстевска, независен член на Надзорен одбор).

18. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Игор Петков, член на Надзорен одбор).

19. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Катерина Митовска – Наковска, независен член на Надзорен одбор).

20. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Џемаиљ Јусуфи, член на Надзорен одбор).

21. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Васил Коцев, независен член на Надзорен одбор).

22. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Ридван Асани, член на Надзорен одбор).

23. Ја донесе Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2023 година (Арбен Несим, член на Надзорен одбор).

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на техничка помош (грант) од EBRD и CDP за подготовка на документација за реализација на проектот Ветерна електроцентрала Миравци и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да ги продолжи активностите со EBRD и CDP за подготовка на документација, со цел обезбедување на средства за подготовка и реализација на проектот Ветерна електроцентрала Миравци.

2. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје по завршување на подготовката на документација за проектот Ветерна електроцентрала Миравци, да подготви и до Владата да достави информација за резултатите од изработената документација и за можноста за финансирање и имплементација на Проектот.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на активностите со AFD за подготовка на документација со цел обезбедување на средства за имплементација на проектот Хибридна фотонапонска електроцентрала Богданци, за чија реализација ќе биде потребна државна гаранција и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, во соработка со Министерството за финансии да ги продолжи активностите со AFD за подготовка на документација со цел обезбедување на средства за реализација на проектот Хибридна фотонапонска електроцентрала Богданци.

2. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, по завршување на подготовката на документација за проектот Хибриднафото напонска електроцентрала Богданци да подготви и до Владата да достави Информација за резултатите од изработената документација и за можноста за финансирање и имплементација на Проектот.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Скопје – корисник на технолошка индустриска развојна зона Скопје 2 и за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Илинден, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Скопје – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Илинден - корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2.

## Точка 14

Владата го разгледа и усвои Извештајот за работата на Државниот архив на Република Северна Македонија за 2024 година, со дополнувањето.

## Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Куманово.

## Точка 16

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Хем-алијанс ДООЕЛ Неготино, со седиште во населено место без уличен систем Пепелиште, Неготино со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги Стенлеј ДОО Пехчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трајче Стојановски, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Илиевски Винарија ДООЕЛ Свети Николе, ул.„Скопска" бр.132, Свети Николе, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот „Хидро Дошница" ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и започнување со

комерцијална работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Баров Дол, МХЕЦ Папрад, со текст на Анекс бр. 1 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата како концедент да склучи Анекс бр.1 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроцентрали МХЕЦ Баров Дол и МХЕЦ Папрад, со арх.бр. 02-2794/1 од 5.4.2022 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 6.4.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „Хидро Дошница" ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроцентрали МХЕЦ Баров Дол и МХЕЦ Папрад, најмалку до 4.6.2026 година.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, со текст на Анекс бр.8 на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент, да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, бр.11-2357/1 од 4.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 6 октомври 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да побара од концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село, да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, најмалку до 4 декември 2025 година.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Биор енерги ДОО Тетово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2, со текст на Анекс бр.6 на Договор, ја усвои и ги донесе следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1, МХЕЦ Речица 2 со бр.11-2171/1 од 27.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 2.1.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Биор енерги ДОО Тетово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, најмалку до 3.3.2026 година.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка, со текст на Анекс бр.10 на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вејачка бр. 11-2142/1 од 26.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 2.11.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, најмалку до 2.1.2026 година.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот ДИС енергија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361 заведен под бр. 11-2436/1 од 11.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 5.1.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот ДИС енергија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361, најмалку до 6.3.2026 година.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје за продолжување рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектична централа МХЕЦ Стровија со реф. бр. 250, со текст на Анекс бр. 8 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата како концедент да склучи Анекс бр.8 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Стровија со реф.бр. 250, бр. 11-795/1 од 30.1.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијално работење до 2.10.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Стровија со реф.бр. 250, најмалку до 1.12.2025 година.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапките по барањата за пренос на концесија за експлоатација на минерални суровини и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда–Биро за процена, во рок од 15 дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави извештај од извршената процена, по Барањето за вршење на процена бр.24-3171/2 од 18.8.2023 година за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина–варовник на локалитетот „Баир", Општина Велес.

2. Се задолжува Министерството за правда–Биро за процена, во рок од 15 дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави извештај од извршената процена, по Барањето за вршење на процена бр.31-296/2 од 3.10.2024 година за пренос на концесијата за експлоатација на минерална суровина–мермер на локалитетот „с.Беловодица", Општина Прилеп.

3. Се задолжува Министерството за правда–Биро за процена, во рок од 15 дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави извештај од

извршената процена, по Барањето за вршење на процена бр.31-1694/2 од 18.12.2024 година за пренос на концесијата за експлоатација на минерална суровина–калцитски мермер на локалитетот „Голем Дол“, Општина Македонски Брод.

**Точка 28**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер Фимар Балкан АД Скопје на локалитетот „Галабовец – Нови Присад“, Општина Прилеп.

**Точка 29**

Владата ја одложи од разгледување Предлог – одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Трговското друштво за производство и истражување Ларин мрамор компани АД експорт-импорт Скопје на локалитетот „Галабовец – Нови Присад“, Општина Прилеп.

**Точка 30**

Владата ја одложи од разгледување Предлог – одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – риолит на Друштвото за трговија, производство и услуги Минерал – груп ДОО Струмица на локалитетот „Крив Пат“ с.Куклиш, Општина Струмица.

**Точка 31**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Трговското друштво за транспорт и трговија Мамуди Везир Мамуди-транс увоз-извоз с.Радолишта Струга ДООЕЛ на локалитетот „Краста“, с.Радолишта, Општина Струга.

**Точка 32**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина–варовник на Градежното, производно, трговско и услужно друштво Амди Амзаи АСНЕРА увоз-извоз с.Франгово, Струга ДООЕЛ, на локалитетот „Локов“, с.Франгово, Општина Струга.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – андезит на локалитетот „Косовица“, с.Узем, Општина Крива Паланка.

## Точка 34

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важење на  Одлуката за определување на висината на трошоците за посетување на обуките и полагањето на испитот за фитофармација за професионални корисници, советници и дистрибутери.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за текот на пополнувањето на онлајн формуларот - прашалникот, со податоци за недвижниот државен имот (објекти и земјиште) од страна на сите државни органи и правни лица основани од државата и други институции и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, во рок од 30 (триесет) дена, од денот на усвојувањето на оваа информација да го пополнат онлајн формуларот со потребните податоци, користејќи македонска поддршка.

2. Се задолжуваат Министерството за дигитална трансформација, Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи, Министерството за јавна администрација, Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности во рок од седум дена,  до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење да достават номинации за член и заменик - член во Работната група за подготвување на Предлог на закон за недвижен државен имот.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење по добиените номинации, во рок од 14 дена, да подготви и до Владата да достави Предлог - решение за формирање на Работна група за подготвување на Предлог на закон за недвижен државен имот.

4. Се задолжува  Министерството за дигитална трансформација да  спроведе  јавна набавка на софтвер за управување, известување и информирање на податоците од Централниот регистар на недвижен имот на Република Северна Македонија, во рамките на одобрениот Буџет за 2025 година.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на три одлуки на Европскиот суд за човекови права во предметите Стојановска и 7 други апликации (А.бр.2472/23), Станковска и 16 други апликации (А.бр.11951/23) и Налбанти-Димоска и 1 друга апликација (А.бр.54213/20), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (финансиските

средства во вкупен износ од 168.860 евра во денарска противвредност, да бидат исплатени, најдоцна до 16 јуни 2025 година).

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за 18 тековни предмети пред Европскиот суд за човекови права, за можните финансиски импликации по Буџетот на Република Северна Македонија од истите и за можноста за нивно спогодбено решавање, со прилози, ја усвои Информацијата и го овласти Владиниот агент на Република Северна Македонија, најдоцна до 5 јуни 2025 година да ги извести апликантите, односно правните застапници на апликантите кои поднеле предлог за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права, предмет на оваа информација дека Владата нема да ја користи можноста за нивно спогодбено решавање и за тоа соодветно да го извести и Европскиот суд за човекови права.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Ружица Николовска против Северна Македонија А.бр.4137/21 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Ружица Николовска против Северна Македонија А.бр.4137/21.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантката во предметот Ружица Николовска против Северна Македонија А.бр.4137/21, ќе и исплати износ од 1.600 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантката, во предметот Ружица Николовска против Северна Македонија А.бр.4137/21, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантката да и понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

## Точка 39

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Естонија за соработка во борбата против криминалот, со Нацрт-текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Естонија за соработка во борбата против криминалот, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот на Делегацијата и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Естонија за соработка во борбата против криминалот.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Естонија за соработка во борбата против криминалот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, на Владата на Република Северна Македонија да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Естонија за соработка во борбата против криминалот.

## Точка 40

Владата го разгледа Барањето на Санел Кустурица, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи ги предвид Мислењето на Министерството за финансии и Мислењето на Министерството за економија и труд.

## Точка 41

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење недвижни ствари на Казнено-поправната установа Затвор - Куманово со отворено одделение во Крива Паланка.

## Точка 42

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „ANATOLIA 25“, во Република Турција.

## Точка 43

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Platinum wolf 25“, во Република Србија (17 припадници).

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „PLATINUM WOLF 25", во Република Србија (10 припадници).

**Точка 45**

Владата го донесе Решението за именување членови и нивни заменици за Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

**Точка 46**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност, по скратена постапка и го утврди како Предлог на закон кој се донесува по редовна постапка, со следните заклучоци:

1. Министерството за култура и туризам да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереници Билјана Ќулавковска, државен советник во Министерството за култура и туризам и Фросина Ѓоршовска, раководител на сектор во Министерството за култура и туризам.

**Точка 47**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*), по скратена постапка и го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*) кој се донесува по редовна постапка, со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*) да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

## Точка 48

Владата го разгледа Предлогот на закон за архивски материјал и архивска дејност, по скратена постапка и го утврди како Предлог на закон кој се донесува по редовна постапка, со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за архивски материјал и архивска дејност, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изградба, доградба, надградба и реконструкција на ООУ „Гоце Делчев“ - с.Еднокуќево, Општина Босилово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност врз основа на претходно позитивно Мислење од Министерството за финансии за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025 и 2026 година од буџетот на Министерството за образование и наука за изведувањето на градежни работи за изградба, доградба, надградба и реконструкција на ООУ „Гоце Делчев“ - с.Еднокуќево, Општина Босилово, во вкупна вредност од 13.736.995,00 денари со ДДВ со финансиско учество од буџетот на Министерството за образование и наука со планирана динамика на плаќање и тоа:

- 9.000.000,00 денари со ДДВ од Програма Т Потпрограма ТА, Сметка 637, ставка 482 во 2025 година и

- 4.736.995,00 денари со ДДВ од Програма Т Потпрограма ТА, Сметка 637, ставка 482 во 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Историја на Македонија" на ЈНУ Институт за национална историја, Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, со Предлог – решение, ја усвои и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Историја на Македонија" на ЈНУ Институт за национална историја, Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Медиуми и комуникација" на Факултетот за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Медиуми и комуникација" на Факултетот за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово.

## Точка 52

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Аеродром (за потребите на Општинското основно училиште „Љубен Лапе", Аеродром).

## Точка 53

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Штип (за потребите на Општинското основно училиште „Ванчо Прке", Штип).

## Точка 54

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Свети Николе (за потребите на Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј", Свети Николе).

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“, Скопје.

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерство за образование и наука).

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.7022, КО Штип-5).

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (објект кој се наоѓа на КП бр.1140, КО Гази Баба, Општина Гази Баба).

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Дебар за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на ендокринологијата.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле – Скопје (2 инхалатори).

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Велес (хируршки тилиум ласер за медицинска употреба и артроскопски столб со 4К резолуција).

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за иницијативата на Министерството за здравство за аплицирање за грант од Фондот за пандемии, со прилог Апликација за грант и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство и м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, да го потпишат писмото кое е составен дел на Апликацијата за грант од Фондот за пандемии.

2. Се задолжува Оливер Миланов, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство, да го потпише писмото кое е составен дел на Апликацијата за грант од Фондот за пандемии.

3. Се задолжува д-р Марија Андоновска, директор на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, да го потпише писмото кое е составен дел на Апликацијата за грант од Фондот за пандемии.

## Точка 63

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, поднесен од група пратеници и со оглед на тоа дека содржината и целите на истиот се во согласност со приоритетите и политиките од областа на заштитата на децата, Владата нема забелешки по истиот.

## Точка 64

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 57, став 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), поднесено од пратеникот Димитар Апасиев и притоа укажува дека во конкретниот случај целисходно е Собранието на Република Северна Македонија да даде толкување, од причина што, Предлогот на закон за изменување на Изборниот законик, по скратена постапка е поднесен преку група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, на 6.3.2024 година.

## Точка 65

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 81 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24 и 37/25), поднесено од пратеникот Даниел Стојчевски и притоа го утврди следното мислење:

Пратеникот Даниел Стојчевски до Собранието на Република Северна Македонија поднел Барање за давање на автентично толкување на член 81 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*) („Службен весник на Република Северна Македонија бр.64/24 и 37/25), кој гласи „Постапките за продажба започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/2015 и 64/18)".

Пратеникот со автентично толкување бара одговор дали цитираната одредба се однесува само на започнатите постапки за продажба или и на сите започнати постапки и предмети по разни основи во време на важноста на стариот закон.

Формирана е широка работна група за изготвување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*) („Службен весник на Република Северна Македонија бр.64/24), со претставници од Министерството за правда, Агенцијата за управување со одземен имот, Царинската управа, Министерство за внатрешни работи, професори од повеќе универзитети, судии и јавни обвинители, државни правобранители, експерти од проект на ГИЗ.

Врз основа на претходна анализа на состојбите во Агенцијата за управување со одземен имот во која биле констатирани низа слабости во системот на управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, работната група согласно меѓународни препораки и искуства за начинот на управување со конфискуваните предмети, пристапи кон подготовка на законските одредби кои нудат конкретни решенија на конкретни појави и проблеми со кои долги години се соочувала Агенцијата. Со Законот се воспоставуваат меѓународни практики и стандарди за обезбедување на ефикасен систем на успешна конфискација.

За да настапи ефикасниот систем на новото законско решение за долгорочните проблеми со кои се соочувала Агенцијата, работната група  предложи преодни и завршни одредби на Законот во кои примената на законското решение ќе започне за сите постапки со влегувањето во сила на Законот, освен за започнатите постапки за продажба. Така, во членот 81 кој е сместен во делот на преодни и завршни одредби на Законот е уредено дека „Постапките за продажба започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18)".

Одредбата од членот 82 од Законот е, исто така, дел од преодните и завршните одредби на законот и претставува целина со другите одредби во главата IX, регулира дека „со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/2015 и 64/18).“.

Доколку старото законско решение се применува за сите претходно започнати постапки кои се воделе пред Агенцијата пред донесување на новиот закон, тогаш Агенцијата за управување со одземен имот никогаш нема да биде во можност да ги разреши детектираните проблеми кои се провлекувале повеќе од 15 години, а за дел од нив неправилности утврдил и Државниот завод за ревизија.

Преодните и завршни одредби се дел во Законот кои се гледаат во целина и се меѓусебно условени, особено кај новите законски решенија.

Од наведените причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека преодната и завршна одредба во членот 81 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24 и 37/25) е јасна и точно определува дека само „постапките за продажба започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/2015 и 64/18)“, поради што му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на член 81 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24 и 37/25), поднесено од пратеникот Даниел Стојчевски.

## Точка 66

Владата го одложи од разгледување Барањето за давање на автентично толкување на членот 34 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), поднесено од пратениците Халил Снопче, Калтрина Беќири, Аднан Азизи, Салим Сулејмани, Ријад Шаќири и Саранда Имери, поради потребата истото повторно да се разгледа во редовна владина постапка.

## Точка 67

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот за додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и го утврди следното мислење:

Со горенаведениот Предлог на закон се предлага намалување на стапката на данок на додадена вредност за прометот и увозот на електрична енергија за домаќинствата од 18% на 5%, како и ослободување од плаќање на данок на додадена вредност врз прометот и увозот на основните производи за човечка исхрана.

Даночни ослободувања се пропишани согласно членовите 23 и 24 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 93/00, 8/01, 21/03, 17/04, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18, 96/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23 и 3/25, во понатамошниот текст ЗДДВ), односно согласно членот 23 од ЗДДВ се пропишани даночни ослободувања во земјата без право на одбивка на претходниот данок, додека согласно членот 24 од ЗДДВ се пропишани даночни ослободувања во земјата со право на одбивка на претходниот данок.

Согласно членот 28 од ЗДДВ, данокот на додадена вредност се пресметува со примена на пропорционални даночни стапки врз даночната основа за оданочивиот промет на стоки и услуги и увоз и тоа:
1. според општата даночна стапка од 18%;
2. според повластената даночна стапка од 5% и од 10%.

Согласно членот 29 од ЗДДВ, општата даночна стапка од 18% се применува врз целокупниот промет и увоз, освен врз прометот и увозот кој се оданочува со повластената даночна стапка.

Во членот 30 од ЗДДВ, се содржани добрата и услугите за кои се применува повластена даночна стапка од 5%, додека во членот 30-а се содржани добрата и услугите за кои се применува повластена даночна стапка од 10 %.

Во однос на наведеното, Владата на Република Северна Македонија во изминатиот период има пристапено кон реализација на одредени решенија во насока на амортизирање на ценовниот шок (Одлука за ограничување на бруто профитната маржа на дел од основните прехранбени производи), а со цел ублажување на ефектите од неконтролираниот и забрзан раст на цените на прехранбените производи.

По однос на Предлогот на закон, исто така, се известува дека истиот потребно е внимателно да се разгледа, бидејќи во услови на пазарна економија постои можност цените на прехранбените производи да не се променат при намалување на даночната стапка за ДДВ на 0%.

Дополнително, во постојниот Закон за данокот на додадена вредност со членот 24-г е пропишана можност за ослободување од данок на додадена вредност за прометот на производи за човечка исхрана, во услови на природни и други непогоди во Република Северна Македонија, прогласена воена состојба, утврдено постоење на вонредна или кризна состојба, кога настанале или би можеле да настанат сериозни пореметувања во снабдувањето на населението или пореметувања во други области кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, сериозни пореметувања на домашниот пазар поради недостаток на стоки неопходно потребни за производство, преработка и за животот и здравјето на луѓето, како и во услови на потреба за обезбедување на производи и суровини, кои се од посебно стратешко значење за Република Северна Македонија.

Ова подразбира дека доколку се оцени потреба за примена на ослободување од данок на додадена вредност за прометот на производи за човечка исхрана, односно е настаната некоја од состојбите опишани во членот 24-г од ЗДДВ, веќе е воспоставена законска рамка да може Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за финансии брзо да интервенира и да го определи видот на добрата, како и временскиот период на ослободувањето од плаќање на данокот на додадена вредност за производи за човечка исхрана.

По однос на Предлогот на закон, како што е погоре наведено, се известува дека даночните ослободувања се пропишани со членовите 23 и 24 од ЗДДВ, а не со членот 30-г како што е наведено во Предлогот на закон.

Воедно, се укажува дека Министерството за финансии, во координација со останатите релевантни институции, тековно ги следи пазарните состојби од повеќе аспекти во сите сектори од економијата, особено од аспект на негативни влијанија и пораст на цените на домашниот пазар, притоа и доколку се оцени за неопходно преземањето на определени мерки и активности, истите ќе бидат предложени до Владата на Република Северна Македонија на понатамошно разгледување и одлучување.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот за додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

<u>Точка 68</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 2 од Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), поднесено од пратеникот Бране Петрушевски и притоа го утврди следното мислење:

Членот 1 од Законот гласи: „Со овој закон се уредуваат условите за стекнување и начинот на користење на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок, на невработените лица на кои им престанал работниот однос по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок (во натамошниот текст: невработеното лице), во претпријатија со доминантна сопственост на државата или по нивна приватизација, во период од 1 јануари 1993 година, заклучно со 31 декември 2020 година.

Согласно истиот, се уредуваат условите за стекнување и начинот на користење на правото на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок, но за лицата кои се невработени и на кои работниот однос им престанал исклучиво по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок, во претпријатија со доминантна сопственост на државата или по нивна приватизација, во период од 1 јануари 1993 година, заклучно со 31 декември 2020 година.

Значи, предмет на Законот се условите за стекнување и начинот на користење на правото на материјално обезбедување, но за невработени лица чијшто работен однос по основ на стечај, ликвидација и технолошки вишок престанал во точно утврден период, а лицата претходно работеле во претпријатија со доминантна сопственост на државата или по нивна приватизација.

Членот 2 ги уредува и деталите, односно критериумите за невработеното лице за остварување на правото и вели дека невработено лице во смисла на членот 1 од Законот, е лицето:
- кое било најмалку 14 години во работен однос во претпријатија со доминантна сопственост на државата, утврден со М1/М2 обрасци,
- на кое работниот однос му престанал по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок, заклучно со 31 декември 2020 година, во претпријатие со доминантна сопственост на државата или на кое работниот однос му престанал по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок, по приватизација на претпријатието, под услов истиот да бил заснован додека претпријатието било со доминантна сопственост на државата и при приватизацијата да не дошло до промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), а доколку дошло до промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), претпријатието да произлегло од претпријатието со доминантна сопственост на државата, врз основ на статусна промена, согласно со закон,
- кое на денот на поднесување на барањето од членот 6 став 1 од овој закон, е на возраст од најмалку 52 години (жена), односно 55 години (маж),
- кое остварило право на паричен надоместок по 1 јануари 1993 година и
- кое од 31 декември 2020 година до денот на влегу вањето во сила на овој закон, не било во работен однос.

Начинот на кој е конципиран членот 2 од Законот упатува на тоа дека невработеното лице за остварување на правото треба кумулативно да ги исполнува условите од сите пет алинеи на цитираниот член.

Првата алинеја бара невработеното лице да било најмалку 14 години во работен однос во претпријатија со доминантна државна сопственост на државата, што значи дека лицето треба да има исклучиво 14 години во претпријатија со доминантна сопственост на државата.

Втората алинеја го дефинира начинот на престанокот на работниот однос и притоа утврдува три ситуации во кои работниот однос бил заснован, односно престанал:
- работниот однос престанал поради стечај, ликвидација или технолошки вишок и тоа во претпријатије со доминантна сопственост на државата или
- работниот однос престанал поради стечај, ликвидација или технолошки вишок по приватизација на претпријатијето под услов истиот да бил заснован додека претпријатието било во доминантна сопственост на државата и при приватизација да не дошло до промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), а ако
- работниот однос престанал поради стечај, ликвидација или технолошки вишок, во претпријатије во кое дошло до промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС),

но претпријатието произлегло од претпријатие со доминантна сопственост на државата врз основа на статусна промена.

Според алинејата 2 од Законот, за исполнување на овој услов од страна на невработеното лице се зема предвид исклучиво престанокот на работниот однос и тоа каде бил работниот однос, но не и должината на работниот стаж, која е наведена во член 2 во алинејата 1.

Дополнително, јасно е дека се работи за алтернација на еден, втор или трет случај на престанок, односно вршење на работниот однос и дека за исполнување на овој услов, невработеното лице треба „да се пронајде" во само еден од нив.

Согласно наведеното, не постои дилема за тоа дека за кумулативно исполнување на условите, невработеното лице треба да има 14 години работен стаж во претпријатие со доминантна сопственост на државата (став 2 алинеја 1), но дополнително, помеѓу останатите услови (од 3, 4 и 5) треба да исполнува еден од условите содржани во член 2 алинеја 2.

Притоа, во стажот од 14 години не може да се смета и стажот кој невработото лице го остварил во претпријатието по неговата приватизација.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 2 од Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21), е јасен и прецизен и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истиот.

## Точка 69

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.586225, за КО Кисела Вода 1, на КП бр.5368/1, викано место/улица „Првомајска 13/8" и по Понудата го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

## Точка 70

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Василевски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1254 за КО Орман, на КП бр.392, викано место/улица „Трлиште" и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

## Точка 71

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дејан Павлоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.907, за КО Визбегово, на КП бр.97, викано место/улица „Коњски Дол" и по Понудата, го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

## Точка 72

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.8179, за КО Ѓорче Петров 1–Ново Село, на КП бр.679, викано место/улица „Јазик" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење од Министерството за транспорт.

## Точка 73

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Адамческа од Скопје, за првенствено право на размена на недвижен имот-земјиште со Имотен лист бр.1367 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1667 и КП бр.1668, Имотен лист бр.1374 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3750, Имотен лист бр.1355 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1658, Имотен лист бр.1356 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1659, Имотен лист бр.1357 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1660, Имотен лист бр.1358 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1661, Имотен лист бр.1369 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1670/1, Имотен лист бр.1371 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3753, Имотен лист бр.1372 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3754, Имотен лист бр.1375 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3747, Имотен лист бр.27385 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3726, Имотен лист бр.1380 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3737, Имотен лист бр.1381 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3738, Имотен лист бр.1382 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3739, Имотен лист бр.1384 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3741, Имотен лист бр.1387 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3742, Имотен лист бр.1385 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3744, Имотен лист бр.1377 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3745, Имотен лист бр.1348 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1650, Имотен лист бр.1347 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3762, Имотен лист бр.1351 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1653/1, Имотен лист бр.1349 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1651, Имотен лист бр.1376 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3746, Имотен лист бр.1379 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3735, Имотен лист бр.26106 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3727, Имотен лист бр.27978 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.1655, Имотен лист бр.1365 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3759 и по Понудата го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

## Точка 74

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.152, за КО Ракотинци, на КП бр.220, викано место/улица „Село" и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

## Точка 75

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.414, за КО Чаир, на КП бр.2527, Имотен лист бр.418, за КО Чаир, на КП бр.2523 и Имотен лист бр.957654, за КО Чаир, на КП бр.1056/3, викано место/улица „Дижонска" и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислењеа на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 76

1. Владата го именува Иљбер Љимани за вршител на должноста заменик на директорот на Казнено - поправна установа Затвор-Куманово со отворено одделение во Крива Паланка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.
2. Владата на Садудин Садики, директор на Центарот за образование на возрасни му утврди престанок на мандатот, на негово барање.
3. Владата го разреши Ибрахим Дехари од должноста вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија.
4. Владата го разреши Ирфан Одаи од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., на негово барање.
5. Владата го отповика Иван Куковски од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, на негово барање.
6. Владата го разреши Бејтула Камбери од должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на негово барање.
7. Владата го именува Ирфан Одаи за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.
8. Владата ја разреши Катерина Марковиќ Јанковска од должноста вршител на должноста директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за јавна администрација.

8.1 Владата ја именува Катерина Марковиќ Јанковска за директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за јавна администрација и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го именува Дуле Трајков за член на Органот за надзор на ЈУ Специјален завод - Демир Капија.
10. Владата го именува Един Борова за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа -Струга.
11. Владата го именува Ендрит Хасани за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа -Тетово.

12. Владата го именува Љум Исљамоски за член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа -Кичево.

13. Владата ја именува Тинка Ангелова за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје.

14. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови ги разреши:

претставници на стручниот орган
- инж. Велко Лазаревски и
- инж. Зафкет Веапи

14.1 Владата за членови на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови ги именува:

претставници на стручниот орган
- Адмир Мусаи и
- Гоце Анастасоски

15. Владата за членови на Управниот одбор на Центарот за образование на возрасни ги именува:

1) Благица Мирчевска од Министерство за образование и наука,
2) Љукман Шакири од Министерство за економија и труд,
3) Ивана Митевска од Заедницата на единиците на локалната самоуправа,
4) Проф. д-р Велимир Стојковски од Стопанска комора на Северна Македонија,
5) Весна Богдановска од Организација на работодавачи на Македонија,
6) Кирил Трпчески од Занаетчиска комора на Република Северна Македонија,
7) Маја Крстевска од редот на стручните работници вработените во Центарот за образование на возрасните,
8) Емилија Николоска од редот на стручните работници вработените во Центарот за образование на возрасните,
9) Мевљане Зулфиќари од редот на стручните работници вработените во Центарот за образование на возрасните

Со именувањето на членовите на Управниот одбор на Центарот, на досегашните им се утврдува престанок на мандатот.

16. Владата за членови на Управниот одбор на Центарот за развој на стручното образование ги именува:
1) Верица Златанска Пауновска од Министерство за образование и наука,
2) Александар Авукатов од Министерство за економија и труд,
3) Ирена Николова од Заедницата на единиците на локалната самоуправа,

4) Проф. д-р Сашо Коруновски од Стопанска комора на Северна Македонија,
5) Светлана Ристовска - Антиќ од Организација на работодавачи на Македонија,
6) Анета Атанасовска од Занаетчиска комора на Република Северна Македонија,
7) Билјана Апостоловска од редот на стручните работници вработените во Центарот за развој на стручното образование,
8) Аљбион Сулејмани од редот на стручните работници вработените во Центарот за развој на стручното образование и
9) Али Шаини од редот на стручните работници вработените во Центарот за развој на стручното образование.

Со именувањето на членовите на Управниот одбор на Центарот, на досегашните им се утврдува престанок на мандатот.

*
* *

Поради техничка грешка, Владата донесе Решение за исправка на Решението за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, имено наместо зборовите „Ибрахим Дехари“, треба да стои „Емир Хусејн“.

*
* *

## Точка 77

**1.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.50-990/8 од 8 мај 2025 година.

**2.** Владата, по повод поканата за присуство на Самитот „Украина–Југоисточна Европа“, кој ќе се одржи во Одеса на 11 јуни 2025 година, ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање да присуствува на Самитот, како владин претставник.

2) Се задолжува Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие сите трошоци во врска со патувањето, како и да обезбеди протоколарни подароци за официјалните посети на првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, м-р Изет Меџити.

**3.** Владата го разгледа Збирниот извештај за финансирање на предложени инфраструктурни проекти и условно го усвои со заклучок надлежните министерства, во рок од два дена, до Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии, да достават соодветни податоци за финансирање на предложените инфраструктурни проекти за 2025 година.

**4.** Владата по повод укажувањето на м-р Гордана Димитриеска – Кочоска, министер за финансии, а во врска со конкурсот од НАТО за ревизор како и извршениот избор на ревизор од Република Северна Македонија во НАТО го задолжи Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да достави податоци по однос на целата постапка за избор, како и за условите и моделот за утврдување на платата и другите надоместоци до Министерството за финансии и Министерството за одбрана, а потоа и заедничка информација на наредната затворена седница на Владата.

**5.** Владата заклучи:

- Се укажува на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија да го користи законски определеното име во секојдневното работење.

**6.** Владата го разгледа Барањето од Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на подрачјето на РД Штип за изменување на заклучок бр.2, од точка 39, од Нацрт – записникот од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 декември 2024 година, донесен по Информацијата во врска со преземените активности за спроведување на постапката за продажба на имотот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски - Папучар АД" од Куманово, со Предлог – одлука, го прифати Барањето и заклучи точката 2 од истиот да се измени и да гласи:

„2. Се задолжува Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост да пристапи кон продажба на државниот имот (трите машини) со електронско јавно наддавање и тоа:

1) MOLDING MARK 8 - линија 3 со сериски број 23428 во чиј состав е и машината HAUNI со сериски број 7249;
2) MOLDING MARK 8 – линија 4 со сериски број 33125 во чиј состав е и машината HAUNI со сериски број 7147;
3) Машина за изработка на цигари GD – BOLONJA во чиј состав влегува:
- машина за изработка на цигари двоканална GD – BOLONJA MAKER 121 со сериски број 0941170404 ,
- машина за спојување филтри GD – Bolonja AF12 со сериски број 0941170303,
- акумулатор за цигари (буфер) GD – Bolonja S90 со сериски број 951186104,
- машина за пакување на цигари во кутии GD – BOLONJA X со сериски број 951181222,
- резервоар-акумулатор за спакувани кутии цигари(буфер) GD – BOLONJA со сериски број 1195613,

- машини за пакување кутии цигари во штеки GD – BOLONJA I.L. 16 со сериски број 951182002 и
- вреќен филтер со вентилатор HAUNI DF-CZ со сериски број 3918166“.

**7.** Владата по повод донесените заклучоци на Педесет и седмата и Шеесет и петтата седница на Владата, одржани на 11 март 2025 година и 1 април 2025 година, по Информацијата за склучување на спогодба за плаќање на рати и ослободување од камата по правосилната и извршна Пресуда на Основниот граѓански суд - Скопје 52 ТС.бр.61/22 од 26.5.2023 година, во судскиот спор по тужба на тужителот Цементарница Усје АД Скопје против тужените Република Северна Македонија и Република Северна Македонија-Министерство за финансии ги задолжи м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, веднаш да преземат дејствија и активности во насока на водење на преговори со доверителот Цементарница Усје АД Скопје, заради склучување на спогодба за плаќање на долгот на рати, како и евентуално делумно или целосно ослободување од плаќање на износот на пресметаната законска казнена камата и за исходот од водените преговори на наредната седница да ја информираат Владата.

**8.** Владата по Известувањето за изменување на заклучок бр.4, Точка 37 од Нацрт – записникот од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година, изменет на Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 мај 2025 година, заклучи истиот повторно да се измени и да гласи:

„4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичен број и до 31.12.2025 година да го достави до Владата“.

**9.** Владата, по повод укажувањето на Александар Николоски, министер за транспорт, им укажа на концесионерите на рудниците, да поднесат документи за регулирање на сопственички права и за регулирање на имотни права, во делот на донесување на просторни планови за рудниците, со цел усогласување со Законот за урбанистичко планирање и Законот за градење.

## Точка 78

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на проект за основање на нова единица „Факултет за медицински науки и здравство“ при МИТ Универзитет во Скопје, согласно Законот за високото образование*, како материјал за информирање.

## Точка 79

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Буџетските средства за 2024 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за периодот 2023 – 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за работењето на Акционерското друштво за 2024 година, со податоци за завршените активности во текот на годината, како и податоци за висината на личните приходи на органите на управување во Акционерското друштво, со прелиминарен Годишен извештај за работата на М-НАВ, Акционерско друштво Скопје, за 2024 година.

**Точка 84**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија-Скопје во период од 1.1.2024 година до 31.3.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје во период од 1.4.2024 година до 30.6.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*), го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Љутков, министер за култура и туризам и м-р Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, а за повереници Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам, Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура и туризам и Фросина Ѓошовска, раководител на сектор во Министерството за култура и туризам.

## Точка 87

Владата по Барањето за одобрување на работењето на Управниот и Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, за склучување на договор за краткотрајна финансиска позајмица од Јавното претпријатие за Железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија за исплата на втор дел плата за месец април во Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, со предлог – одлуки ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје.

## Точка 88

Владата повторно ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија Ани-енергетик ДОО Тетово и ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија Ани-енергетик ДОО Тетово.

## Точка 89

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за распределба на финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации и ја донесе Одлуката за распределба на финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење по истата.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за апликација на Министерството за образование и наука до Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ), со цел обезбедување на инвестициски грант и грант за техничка помош за Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука, веднаш, да подготви и достави ВБИФ апликација за обезбедување на инвестициски грант и грант за техничка помош во износ од 11,6 милиони евра за Проектот за енергетска ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија до Министерството за финансии и Министерството за европски прашања.

2. Се задолжува Министерството за финансии, веднаш по добивање на ВБИФ апликацијата за инвестициски грант и техничка помош за Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија да подготви Писмо за поддршка до Европска комисија и Германската банка за развој КфВ и истото да го проследи до Министерството за образование и наука и Министерството за европски прашања.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, веднаш по добивање на Писмото за поддршка од Министерството за финансии да ја поднесе ВБИФ апликацијата за инвестициски грант и техничка поддршка, најдоцна до 13 јуни 2025 година за Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Северна Македонија.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2025 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2025 година на Факултет за исламски науки – Скопје и ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2025 година на Факултетот за исламски науки – Скопје, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 93**

Владата разгледа Предлог - одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2025 година на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и ја

донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – олово – цинкови руди на локалитетот „Северен дел на КО Костур низводно од хидројаловиште Тораница м.в. Варошани и Воденичиште", Општина Крива Паланка, на Друштвото за производство и трговија Булмак 2016 ДООЕЛ Пробиштип и ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – олово–цинкови руди на локалитетот „Северен дел на КО Костур низводно од хидројаловиште Тораница м.в. Варошани и Воденичиште", Општина Крива Паланка, на Друштвото за производство и трговија Булмак 2016 ДООЕЛ Пробиштип, доколку Министерството за финансии достави ново позитивно мислење по однос на платените давачки кон Управата за јавни приходи, а предлагачот во основот на Одлуката да ја додаде последната измена на Законот за минерални суровини, согласно укажувањето од Секретаријатот за законодавство.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Совет за следење на реформите во правосудството, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и во членот 7 да се изземе министерот за финансии од составот на Советот за следење на реформите во правосудството.

**Точка 96**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на граничните премини за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) и Прешево (Република Србија) и заклучи да се достави до Собранието согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Бобан Николовски, директор на Царинската управа и Муамет Реџепи, помошник на министерот во Министерството внатрешни работи.

## Точка 97

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување финансиски средства за навремен почеток со имплементацијата на новиот компјутеризиран транзитен систем-фаза 6 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди средства во буџетот на Царинската управа во висина од 1,5 милион евра, односно 92.250.000,00 денари и тоа:

-2.000.000 денари за 2025 година (веќе обезбедени);
-30.750.000 денари за 2026 година и
-59.500.000 денари за 2027 година,

за спроведување на проектот - Нов компјутеризиран транзитен систем–НКТС-фаза 6 и Проектот за поддршка при имплементација и управување со квалитет, како дел од Планот за раст-Реформа 4.1.6. Проширување на користењето на услугите на Е-Царина за економските оператори и намалување на трошоците и зголемување на ефикасноста на царинските постапки.

2. Се задолжува Царинската управа, потребните средства за 2026 и 2027 година да ги предвиди во буџетскиот циркулар, во потпрограма опфатена со развојниот дел од буџетот и во најкус можен рок да распише постапки за набавка на Нов компјутеризиран транзитен систем-НКТС-фаза 6 и Проект за поддршка при имплементација на НКТС-фаза 6 и управување со квалитет.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:35 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **Игор Јанушев** | **проф. д-р Христијан Мицкоски** |